Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА НОЕМВРИ 2010 - БРОЈ 15

# 34 ГОДИНИ



# Општина Гази Баба



## ОРГАНИЗИРАНО ПОДИГАЊЕ СМЕТ ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНАТА

**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**

**0800-42222**

**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**



## Заштитени локалитети на територијата на Општина Гази Баба

ПИВАРА СКОПЈЕ

Најдобрşто од Македонија

1924











# Гази Баба на регионална презентација на Општините

Во рамките на Проектот "Сакај ја Македонија, уживај во својата татковина", во организација на заедницата на единиците на локалната самоуправа - ЗЕЛС, Министерството за локална самоуправа и Секретаријатот за европски прашања, Општина Гази Баба учествуваше на промотивниот настан на Скопскиот плански регион, кој се одржа на Плоштадот Македонија.

Општините од Скопскиот плански регион се претставија со своите културни и историски знаменитости, туристички можности, традиционални занаети и специјалитетите на македонската кујна карактеристични за регионот.

Општина Гази Баба се претстави со дел од промотивниот материјал за Општината и реплики од Археолошкиот локалитет Тумба Маџари, како дел од туристичката понуда.



# ЗАЕДНО ГРАДИМЕ ПОУБАВА ИДНИНА

Почитувани сограѓани,
општина Гази Баба на 3- ти ноември прославува 34 години од своето формирање. Од година во година евидентен е развојот на Општината на сите полиња. Епитетот што го имаме на индустриска општина не задолжува поголемо внимание да посветиме на екологијата и заштитата на животната средина.

Сите подготовки што изминатата година ги правевме од аспект на овозможување на услови за привлекување на инвестиции на наша територија, вродуваат со плод. Во фаза на отпочнување со реализација на градби се неколку инвеститори, со што и буџетот на општината ќе биде со подобра реализација во однос на минатата година, а со самото тоа и нашите активности низ населените места во наредниот период ќе се интензивираат.

Иако имаме голема разлика (во приоритетите и потребите на граѓаните) помеѓу урбаните и месните заедници, сепак евидентно е дека рамномерно се работи на целата територија, односно во сите населени места.

Иако сме во доцна есен, Општината продолжува со реализација на планираните активности. Во моментов се прават сите подготвителни работи, спремни да ја пречекаме зимската сезона.

Се работи на санација на ударните дупки, тампонирање и асфалтирање на улиците, изградба на пешачки патеки, паркинзи, замена на уличните светилки.

Посебен акцент даваме на расчистување на каналската мрежа, на која во континуитет работиме, а како резултат на тоа се се помалку појавени поплавени места и покрај обилните дождови кои ги имаме. Со несмален интензитет ќе продолжиме и во наредниот период.

Од први ноември ЈП Комунална Хигиена ќе започне со собирање на комуналниот смет и во руралните населени места кое е од суштинско значење за заштитата на животната средина. Мора да напомнам дека во наредниот период инспекциските служби засилено ќе работат на терен, се со цел да се спречи навиката граѓаните ѓубрето да го фрлаат по каналите и по кејот на реката Вардар.

Знам дека во секое населено место без разлика дали е тоа во урбаната или руралната средина има подеднакво големи проблеми кои се од суштинско значење за граѓаните, а кои ќе треба во наредниот период да ги решаваме.



**Тони ТРАЈКОВСКИ**
Градоначалник на Општина Гази Баба

Мора да истакнам дека се залагам за темелно решавање на секој проблем, односно почнувајќи со проектна документација, доколку е потребно поставување на подземна инфраструктура, а потоа реализација на надземната инфраструктура. Сметам дека само така можеме да кажеме дека се она што ќе го сработиме е квалитетно, функционално и со поголема трајност.

Ќе напоменам само неколку капитални проекти кои се приоритетни подеднакво во руралните и урбаните средини. Тоа е подобрување на водоснабдувањето, замена на старата инсталација за фекална канализација и изградба на нова во населените места кои досега немале, изградба на атмосферска канализација, која за жал во најголем дел од територијата на Општината ја нема, подобрување на хигиената и квалитетно собирање на комуналниот смет, подобрување на сообраќајниците, тековно одржување на уличното осветлување, изработка на урбанистичка документација, подобрување на условите во училиштата и градинките. Ова се впрочем и приоритетите на кои се работеше во изминатиов период, а воедно се и дел од стратегијата за Локален економски развој на Општината. Можам да ветам дека во наредниот период активно ќе работиме на решавање на овие капитални проекти.

Дел од овие проекти планираме да ги реализираме со сопствени средства, дел ќе ги реализираме со концептот на јавно приватно партнерство, дел ќе ги реализираме во соработка со Градот Скопје и Владата, а дел ќе ги реализираме со обезбедување на поволни кредити. Продолжуваме да работиме одговорно, транспарентно и домаќински.

Воедно, Ве повикувам активно и Вие почитувани сограѓани да се вклучите во заедничкото решавање на приоритетните проблеми.Тоа можете да го направите преку Урбаните и Месните заедници, со директни електорнски пораки на нашата WEB страна www.gazibaba.gov.mk, писмени дописи, со јавување на нашиот бесплатен телефон 080042222 или со закажување на средби со градоначалникот, затоа што само така можеме заедно да учествуваме во градење на наша поубава иднина.

На крај на моето обраќање, на сите жители им ја честитам годишнината од формирањето на општина Гази Баба.

# Подигање на смет во руралниот дел на општината



На територијата на општина Гази Баба во населените места, од први ноември се отпочна со организирано собирање на смет од страна на Јавното претпријатие "Комунална хигиена". За подобро организирање на активностите и инфомирање на граѓаните од овие населени места, градоначалникот Тони Трајковски одржа средба со претставници од месните заедници и претставници од ЈП "Комунална хигиена".

Поради специфичноста на теренот во руралниот дел на општината, ЈП "Комунална хигиена" ќе го собира сметот со 6 возила, од кои 4 камиони и 2 помали возила.



На крајот на месецот, секое домаќинство ќе добие сметка за подигање на сметот, во висина од 300,00 денари со вклучен ДДВ.

Со реализација на овој Проект, во населените места организирано ќе се собира сметот, нема повеќе да се прават диви депонии, со што значително ќе се намали еколошката загаденост на почвата и водата, а со тоа ќе се овозможи поздрава животна средина во руралниот дел на општината.

На средбата се дефинираше начинот на собирање на сметот и се одредија денови и термини за секое населено место поединечно.

Сметот ќе се собира во населените места, по следната динамика:

**секој понеделник од 7,00 ч до 14,00 ч во населените места:**
- Трубарево
- Ергеле
- Гоце Делчев
- Јурумлери
- Колонија
- Идризово
- Дрма

**секој вторник од 7,00 ч до 14,00 ч во населените места:**
- Маџари
- Тумба Маџари
- Инџиково
- Сингелиќ
- Брњарци

**секоја среда од 7,00 ч до 14,00 ч во населените места:**
- Стајковци
- Страчинци
- Виниче
- Црешево
- Булачани
- Раштак
- Смилковци

# Каналска мрежа во Гази Баба

Општина Гази Баба има годишен договор со Водостопанство "Скопско Поле" за одржување на одводната каналска мрежа во општината.

Стручните служби од Општината континуирано вршат контрола на примарниот одводен каналски систем, а на најкритичните места на секундарните канали постојано се интервенира, каде од есенските паѓања на лисја и ситни гранки, каналите имаат слаб проток.



# Поплочување на пешачки патеки во Железара



Врз основа на Годишната програма од комуналната инфраструктура, Општина Гази Баба, на најфреквентните места во н. Железара, ги обнови пешачките патеки.

Патеките се со павер елементи и истите се прилагодени да служат за користење на колички со бебиња и колички за инвалидизирани лица.



# Крпење на ударни дупки

Активности за крпење на ударни дупки низ целата територија на Општината, според изготвена динамика.





# Есенска дератизација

На подрачјето на Општината се изврши есенска дератизација.

Дератизацијата се вршеше со препарат - парафински блок Глодацит плус, кој е ставен во околу 2500 шахти на



целата територија на Општината.

Работите ги изведуваше Центар за јавно здравје на Град Скопје во соработка со ЈП Водовод и Канализација.

За поголема ефикасност, оваа активност се спроведе во координација со Општините во Градот Скопје.

# Есенско расчистување

Општина Гази Баба и јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" во соработка со Јавното претпријатие за паркови и зеленило спроведоа акција за есенско расчистување.

На територијата на Општината се кастреа сувите гранки од дрвата и се сечеа сувите стебла.



# Паркинг простор во Нова Колонија

Во населено место Нова Колонија направени се два паркинг простори со тампон.

Со изградбата на овие паркинг простори, се заокружи просторот уреден за спорт, рекреација и дружење на граѓаните од овој дел на Општината, на кој се наоѓа големо фудбалско игралиште, игралиште за мал фудбал и детско забавно катче.



На потегот од булеварот Александар Македонски - влезот во Маџари до надвозникот кон населба Ченто, се реконструираше улицата Благоја Стефковски, во должина од 800 метри. На постојниот коловоз на улицата Благоја Стефковски се постави нова коловозна конструкција со тампонски слој и нов асфалтен слој. На улицата се постави и атмосферска канализација во должина од 562 метри. По должината на реконструираната улица се поставија рабници, а обновени се и тротоарите. За реконструкцијата на улицата Градот Скопје потроши 26 милиони денари.



# Реконструкција на улицата Благоја Стефковски





## *Пуштен во употреба патот Раштак - Бутел*



По Програмата за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта во Република Македонија, со средствата во висина од 12.000.000,00 денари, обезбедени од Агенцијата за државни патишта, се реконструираше патниот правец Раштак - Бутел.

Патниот правец е во должина од 2,96 км со широчина од 3,5 м и 2x1 м банкини.

# Пешачка патека на патот Р 103



Во населеното место Трубарево, се направи тротоар и пешачка патека на регионалниот пат Р 103, во должина од еден километар, а со широчина од 2 м.

Проектот за изградба на пешачка патека по регионалниот пат Р 103 за делот кој ги опфаќа населените места од Општина Гази Баба го финансираше Општината, додека градежните работи се инвестиција на Градот Скопје.

По должината на тротоарот се поставија рабници и сливници за собирање на атмосферските води, а површината на тротоарот е покриена со бекатон плочки.



# Асфалтирање на улица Јужноморавски бригади

Општина Гази Баба во соработка со Градот Скопје започна со градежните работи за проширување и реконструкција на кракот од улицата Јужноморавски бригади, односно патот кој води кон гробиштата Камник.

Коловозот во должина од околу 800 м и со широчина од 6 м, ќе се покрие со нов асфалтен слој.

Од двете страни на кловозот ќе се изведат тротоари со широчина од 2 м, кои ќе бидат покриени со бекатон плочки.

Вредноста на градежниот зафат е 18 милиони денари, од кои Градот учествува со 13,7 милиони денари а општина Гази Баба со 4,5 милиони денари.






# Градежни работи на фекална канализација

Се изведуваат градежни работи на фекалната канализација на улицата Алија Авдовиќ. Новата фекална мрежа ќе служи за одведување на фекалните води од населеното место Стајковци, с. Сингелиќ и дел од н. Ченто.

Новата фекална канализација е со должина од 745 метри, профил од 500 милиметри и длабочина од 2,40 - 3,50 м, со употреба на армирано - бетонски вибропресувани цевки.

Инвестицијата е на ЈП Водовод и канализација, во вредност од 5.923.600,00 денари.





# Уреден парк во н.м. Јурумлери



Во н.м. Јурумлери, Општина Гази Баба огради и уреди простор за одмор и дружење на жителите од ова населено место. На 300 м2 се постави урбана опрема (клупи и корпи за отпадоци), жардиниери со цвеќе и хортикултурно се уреди просторот.

За најмладите жители, во склоп на овој уреден простор, се направи мини детски забавен парк, во кој се поставија клацкалки, лизгалка и лулашки.



# Уреден простор во н.м. Житиште

Во населеното место Житиште, Општина Гази Баба уреди простор пред амбулантата, од кои 60 м2 со бехатон и 250 м2 со трева. Се поставија клупи, се поправи и обои постоечката ограда и се поставија заштитни столбчиња за да се заштити тревата од возилата кои постојано се паркираа на овој простор.







# Свежо цвеќе на споменикот на Ченто



По повод 53 години од смртта на првиот претседател на Македонија, Методија Андонов Ченто, пред споменикот во нас. Ченто, пред присутните за ликот и делото на овој великан, говореше Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски.

Свежо цвеќе на споменикот на М А Ченто положија делегации на Општина Гази Баба, Советот на Општината, Советот на Град Скопје, претставници на Урбаните и Месните заедници, Здруженија на граѓани и делегации на граѓани.





# Улично осветлување

На подрачјето на Општина Гази Баба, службата задолжена за уличното осветление, континуитано врши интервенции на терен.

Се врши замена и репарирање на светилки, кои се прегорени или искршени, се заменуваат електрични елементи и искршени заштитни стакла, замена на командни елементи (фотореле, тајмери) и замена на оштетени канделабри.

Овие активности се вршат преку целата година, во зависност од потребите на терен и укажувањата на граѓаните.





ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија

**ПОЧИТУВАНИ КОРИСНИЦИ НА ТОПЛОВОДНОТО ГРЕЕЊЕ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ НА ЕНЕРГЕТИКА!**

**ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ ДЕКА ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА, ПОРАДИ НИСКИТЕ ТЕМПЕРАТУРИ И СОГЛАСНО ЗАКОНОТ, ОВАА ГОДИНА ПРЕДВРЕМЕ ЈА ЗАПОЧНА ГРЕЈНАТА СЕЗОНА. СИСТЕМОТ БЕШЕ СТАВЕН ПОД ПРИТИСОК НА 10 ОКТОМВРИ, А ВЕЌЕ НА 11 ОКТОМВРИ ВО РАНИТЕ УТРИНСКИ ЧАСОВИ МОЖЕШЕ ДА СЕ ПОЧУВСТВУВА ТОПЛИНАТА ВО ВАШИТЕ ДОМОВИ. ВОЕДНО ВЕ ПОТСЕТУВАМЕ ДЕКА НУДИМЕ МОЖНОСТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЗАОСТАНАТИОТ ДОЛГ НА РАТИ И АПЕЛИРАМЕ ЗА НАВРЕМЕНО ПОДМИРУВАЊЕ НА СМЕТКИТЕ ЗА ТОПЛОВОДНОТО ГРЕЕЊЕ КОИ ДОСПЕВААТ!**

**СО ПОЧИТ!**
**Нови броеви за контакт: Комерција 3104-872,**
**Дежурна екипа 3104-879.**
**"ЕНЕРГЕТИКА", ул. 16та Македонска бригада бр.18**

тел.: + 389 (0) 2 32 87 774, + 389 (0) 2 32 87 700, факс: + 389 (0) 2 32 87 776; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

Градоначалникот Тони Трајковски присуствуваше на одбележувањето на годишнината од формирањето на првото СОС Детско Село и притоа ја истакна важноста на соработката помеѓу Општината Гази Баба и СОС Детско Село.

Меѓусебната успешна комуникација допринесува децата кои престојуваат таму, да имаат срекно детство, квалитетно образование и воспитание, градење на здрави личности и успешни членови на нашето општество.

За својата хуманост и исклучителна поддршка на децата на СОС Детско Село, Градоначалникот Тони Трајковски од СОС Детско Село доби Благодарница.









# Интернационален ден на СОС Детско Село













# Пожар во ОУ "Вера Јоциќ"

На ден 19.09.2010 г. (недела) избувна пожар во ОУ "Вера Јоциќ". Благодарение на граѓаните навреме е известена противпожарната екипа и пожарот за кратко време е локализиран.

Опожарен е средниот тракт (1/3) од училиштето, каде целосно се изгорени:

-три училници
-три санитарни чвора
-работилницата на хаусмајсторот
-чајна кујна
-просторија на хигиеничарите

Делумно се оштетени:

-две училници
-наставничката канцеларија
- 5 компјутери, монитори 29
-дел од мебелот во училниците

Направен е увид од страна на МВР, од страна на Вардар Осигурување и од Министерството за образование и наука.

По овие увиди ЈКП-Гази Баба го расчисти шутот, со што наставата, по два дена пауза, продолжи да се одвива. Со гипс картон се затворени ходниците со што беше изолиран опожарениот дел и се создадоа услови за одвивање на наставата, која се одвива во една-една ипол смена.

Се прават напори оштетениот дел од училиштето да се санира и што е можно најбрзо да се стави во функција.







# Детска недела

По повод детската недела, која се одржува во првата недела од месец октомври, посветена на нашите најмали жители, во детските градинки од Општина Гази Баба се организираа разни активности, како театарски претстави, спортски активности, хуманитарни акции.

Градоначалникот Тони Трајковски ја посети Детската установа "Детска Радост", каде што заедно со децата ја проследи куклената претстава "Среќа за сите деца", подготвена од наставниците и воспитувачите од оваа градинка.



# Доделување сертификати









Општината Гази Баба заврши со вториот циклус на проектот за практикантска работа во соработка со Агенцијата за посредување при вработување ИТЦ Кариера и Усаид-проектот за конкурентност. Проектот е поддржан од страна на Владата на Република Македонија - Министерство за образование, Министерство за Труд и социјална политика и Министерство за економија.

Во склоп на Општината беа распоредени 15 практиканти во различни сектори, според профилот на стекнатото образование. Секој практикант беше надгледуван од менторот кој што беше задолжен за целокупните активности.

Практикантите пред почетокот на овој проект посетија подготвителна обука и работилница за подобрување на комуникациските вештини и деловната етика и при тоа се здобија со сертификат за посетената обука.

Целта на овој проект е обезбедување на обука за олеснување на процесот на вработување, како и младите луѓе во процесот на студирањето или непосредно по завршувањето на студиите да се стекнат со практично работно искуство и работни навики. Исто така се придонесува и за подобрување на квалитетот на студентското образование и насочено усовршување.

По овој повод, во просториите на Општината, Градоначалникот Тони Трајковски ги доделисертификатите на практикантите од вториот циклус за успешно извршена практикантска работа.

# Пуштен во употреба кабинет по техничко образование



Во ОУ Н.Н. Борче беше пуштен во употреба кабинет по техничко образование за 21 - от век.

Ова е проект на УСАИД за основно образование преку кој се инвестира во модернизација на наставната програма за техничко - технолошко образование, со цел зголемување на интересот кај учениците за техничките науки и професии.






# Отворени Забавни Фудбалски Школи









Во организација на Општина Гази Баба, по третпат се одржаа отворените забавни фудбалски школи на фудбалското игралиште во н.м. Гоце Делчев.

Во оваа спортска Манифестација, чија основна цел е да се насочат децата кон спортот и неговите благодети, учествуваа и низ игра пет дена се забавуваа 250 деца, на возраст од 6-12 години.

Децата беа поделени во неколку групи и работеа со обучени тренери и асистенти, предводени од спортски лидери.









# Меѓународен фолклорен









Во рамките на културно лето Гази Баба 2010, од 19 - 23 август, се одржа Меѓународниот детски фолклорен фестивал.

Учество на овој фестивал земаа домаќините, Ансамблот "Јонче Христовски", Ансамблот "Долина" од Република Чешка и Ансамблот "Честочова" од истоимениот град од Република Полска.

Учесниците одржаа неколку концерти и тоа во Детските градинки "Детска радост" и "25 Мај", настапија во Градскиот парк на сцената "Школка", во СОС Детско село, а завршниот гала концерт се одржа на Плоштадот во Автокоманда.



# фестивал Гази Баба 2010













Во рамките на Културно лето "Гази Баба 2010", во н.м. Црешево во Црквата Св. Спас, по третпат се одржа Манифестацијата "Ревија на народни носии, народни инструменти и песни".

Во уметничкиот дел се изведоа изворни народни песни и ора и се прикажаа традиционални народни носии од повеќе краеви од Македонија.







# Ревија на народни носии, инструменти и песни







Во рамките на културно лето Гази Баба 2010 на Плоштадот во Автокоманда, се одржа Третата средба на македонците од Егејскиот дел на Македонија од Скопје.

Во културно - забавниот дел учество земаа познати естрадни уметници и КУД од Воштарани.





# Средба на македонците од Егејскиот дел на Македонија





Локалитетите Острово, Арборетум и Езерце се наоѓаат во централниот дел на Скопската Котлина, во атарот на село Трубарево, општина Гази Баба.

За време на периодот на терциер просторот бил дел од некогашното скопско неогено езеро. Подоцна со повлекување на водата овој простор останал на суво и постепено бил освојуван од терестички флорни и фаунистички видови.

Целиот простор е на средна надморска височина од околу 235м. со повшина 23,2 хектари од кои Осторвото е со 14,5 хектари, Дендро-паркот Арборетум зафаќа 3 ха и локалитетот Езерце зафаќа 5,7 ха.

Од климатски аспект овој дел од просторот е под влијание на континентална клима од север и мало влијание на суб-медитеранска клима која продира по течението на реката Вардар од југ. Средната годишна температура изнесува 12,2°Ц. Последново укажува дека станува збор за доста ариден (сушен) регион, со малку врнежи (средно годишни количини на врнежи од 514 мм). Локалитетите се лоцирани во алувијалната рамнина на река Вардар што укажува на фактот дека просторот изобилува со подземна хидрографска мрежа.





# Заштитени локалитети на територијата на Општина Гази Баба

Локалитетот Езерце преку целата година е под вода при што во летниот период водата се задржува само во пониските места. Подлогата е доста влажна преку целата година и во неа се развива типична блатна вегетација со доминација на трската и рогозот. Во езерцето на површината на водата доминантна е лемната. Во локалитетот застапени се претставници од грмушеста и дрвенеста вегетација (повремено поплавена шума). Доминантни се: бела врба, кршлива врба, бела топола, црна топола, брест, а се среќаваат: врес, јавор, бозел и багрем.

Од безрбетната фауна доминантни се претставниците од групата инсекти: 5 вида вилински кончиња, 18 вида дневни пеперутки, 8 вида скакулци; од мекотелите регистрирани се: медицинска пијавица, 3 вида водни полжави, а на крајбрежјето 3 вида копнени полжави. Од рбетната акватична фауна застапени се: 2 вида риби, 2 вида водоземци и 2 вида влекачи; од копнената рбетна фауна: 2 вида водоземци, 4 вида влекачи, 51 вид птици и 19 вида цицачи (15 лилјаци и 5 други цицачи: крт, еж, верверичка, дива мачка, бизамски стаорец).

Според меѓународниот статус на видовиот диверзитет во локалитетот издвоени се следните групи: 8 вида од херпетофауната се со статус на заштитени видови во европски рамки (Бернската конвенција прилог II се 4 вида; прилог III се 2 вида и во КОРИНЕ листа се 3 вида). Од орнитофауната во локалитетот се издвоени 21 вид птици со меѓународно значење: во Спец. категорија 2 се 2 вида, во Спец. категорија 3 се 12 вида, а во Спец. категорија 4 се 7 вида; во прилог I на ЕУ директивата за диви птици се 13 вида птици;

Во Бернската конвенција прилог II се 18 вида, а во прилог III се 3 вида; во прилог II на Бонската конвенција се 10 вида и 15 вида се во КОРИНЕ листата.

Од терофауната во локалитетот се издвоени 14 видови со меѓународно значење, од кои во светската листа на загрозени диви животински видови се 11 вида, во прилог II на Бернската конвенција се 3 вида, во прилог III се 4 вида, а во КОРИНЕ листата се 11 вида. Со статус на загрозеност, односно ранливост се 9 вида лилјаци.

Локалитетот се одликува и со значајни еколошки, едукативни и рекреативни вредности поради кои во 1994 година заедно со Арборетумот беше прогласен како заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

# РЕГИСТРАЦИЈА НА КУЌНИ СОВЕТИ

Според Законот за домување, куќните совети имаат законска обврска да се регистрираат во Централниот регистар како заедница на сопственици.

Уписот продолжува и во наредните два месеци, а за сите нејасни прашања околу оваа проблематика, граѓаните може да се обратат до урбаните заедници, каде што има техничко лице кое ќе им даде дополнителни информации околу регистрацијата.

Потребни документи за регистрација на куќните совети:
УПИС НА ОСНОВАЊЕ ЗАЕДНИЦА НА СОПСТВЕНИЦИ

1. Одлука за основање /формирање на заедница на сопственици
2. Записник од собирот на сопственици - потпишан од председавачот на состанокот, записничарот и двајца оверувачи;
3. Список на присутни сопственици на становите на состанокот со име и презиме, број на стан и потпис;
4. Одлука од собирот на сопственици за именување претседател на заедницата на сопственици;
5. Со формирање на заедница на сопственици, сопствениците се должни да донесат и Статут на заедницата на сопственици кој меѓу другото треба да содржи:
   - име и седиште на заедницата на сопственици
   - име и адреса на членовите на заедницата
   - податок од уписот во катастарот на недвижности
   - начинот на одлучување на заедницата на сопственици
   - начин на именување на претседател и негови овластувања
   - име или фирма и престојувалиште или седиште на претседателот и
   - начин на исполнување на обврските на членовите на заедницата (секоја промена на членовите на заедницата на сопственици е потребно да се внесе во статутот на заедницата и да се достави до Централниот регистар на Р.М. во рок од шест месеци од настапување на промената);
6. Пријава "ПО" за основање
7. Фотокопија од документ за идентификација за лицето именувано за претседател
8. Надомест од 2.452,00 ден. уплатена на една од сметките на Централен регистар на Р.М.
9. Полномошно потпишано од претседателот на заедницата на сопственици, доколку документацијата се поднесува од друго лице.

Името на заедницата како правно лице е Заедница на сопственици на станбената зграда со адреса (седиштето на заедницата на сопственици е адресата на станбената зграда).

**Општина Гази Баба** и оваа година
во месец декември, ќе избира
**најубаво новогодишно украсен двор,**
**балкон и простор пред деловен објект.**

Сите заинтересирани жители
на општина Гази Баба и деловни
субјекти можат да се пријават
на бесплатната телефонска линија
**0800-42222** и на телефон
**02/3226 655**, или **лично**
на шалтер во едношалтерскиот
систем на општината.

Крајниот рок на пријавување
е **24.12.2010 год.** (петок),
а комисијата ќе ги посети пријавените
на **27** и **28. 12. 2010** год.



Претседател на Совет
Милан АНДОНОВСКИ
ВМРО-ДПМНЕ



Ацо Петрушев
ВМРО-ДПМНЕ



Кираца Тутевска
ВМРО-ДПМНЕ



Бобан Стефковски
ВМРО-ДПМНЕ



Александар Каровски
ВМРО-ДПМНЕ



Аница Пупиноска
СПМ



Зоран Костовски
ВМРО-ДПМНЕ

# СО
# ВО СОВЕ



Јорданчо Тодосиев
ДС



Суза Николовска
ВМРО-ДПМНЕ



Дејан Тимовски
ВМРО-ДПМНЕ



Марјан Крстевски
ВМРО-ДПМНЕ



Јадранка Антевска
ВМРО-ДПМНЕ



Кирил Псалтиров
ВМРО-ДПМНЕ



Николај Чифутов
ВМРО-ДПМНЕ



Ѓулсефа Куртеши
СРМ


Борис Георгиевски
СДСМ


Катерина Силјановска
СДСМ


Зоран Каранџуловски
СДСМ


Марјан Јаневски
СДСМ

# ветници

## ЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА


Соња Глинчарска
СДСМ


Бобан Добревски
СДСМ


Зоран Јовевски
ВМРО-НП


Соња Каранџуловска
ВМРО-НП


Сашо Начовски
ВМРО-НП


Бурхан Садики
Нова Демократија


Мифтар Кадри
ДУИ


Горан Стојменовиќ
ВМРО-НП и ТМОРО-ВЕП



# Трка за мир, соживот и толеранција











Општина Гази Баба по третпат беше организатор на Трката за мир, соживот и толеранција, која се одржа во Спортско рекреативниот центар Хиподром, на која учествуваа над 1000 ученици од основните училишта од Општина Гази Баба, Општина Арачиново и Општина Петровец.

Оваа спортска манифестација за отворена ја прогласи Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, а на присутните им се обратија Градоначалникот на Општина Арачиново, Басри Бајрами, Градоначалникот на Општина Петровец, Борче Митевски и претставникот од германската невладина организација Форум цивилен мировен сервис, Силке Маер Вит.

Во спортскиот дел се одржаа четири трки, поделени по возраст на учениците и една ВИП трка во која учествуваа градоначалниците, директорите на основните училишта, наставниците по физичко воспитание и американскиот амбасадор во Република Македонија, Филип Рикер.

Во културно забавниот дел, учествуваа ученици од основното училиште Вера Јоциќ.




90.3 FM
СПОРТСКО РАДИО 90.3
90.3 fm
СПОРТСКО
радио
www.sportskoradio903.com.mk
sportskoradio@yahoo.com
02/31 21 903



Општина Гази Баба посветува големо внимание на спортот и спортските активности на своите жители. Летото е најдобар период за дружење низ спортски Манифестации, кои Општината ги предвидува во Програмата за спорт.

Со уредувањето на спортските терени и обезбедувањето на потребните реквизити, во Општина Гази Баба се одржуваат квалитетни фудбалски турнири, во кои учествуваат голем број на фудбалски екипи од Општината домаќин и од другите општини од Градот Скопје. Исто така овие турнири се посетени од голем број на љубителите на овој спорт.

Општината за најдобрите екипи на турнирите обезбедува соодветни награди и пехари.

Турнири во мал фудбал се одржаа во н.м.Смилковци, н.м. Брњарци, н.м. Булачани, н.м. Раштак, н.м. Колонија и н. Триангла.







# Фудбалс





# ки турнири во Гази Баба






## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 25.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)


Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**

Емилија Кипровска

**Компјутерска обработка и дизајн:**

Дејан Стојанов

**Печати:**

Европа 92

**Тел:** 02/ 3 22 66 55; 3 22 28 76; 3 23 89 66;